**ПРАШАЊА ЗА ТЕСТ – ПРАВО НА ЕУ**

1. Кои се „привилегирани тужители“ во постапката по тужба за оценка на легалноста на актите на Европската унија?
2. Кои се „непривилегирани тужители“ во постапката по тужба за оценка на легалноста на актите на Европската унија?
3. Дали националните судови по прашања во кои се оспорува валидноста на актите или одредби на институциите и телата на Унијата имаат надлежност да ги прогласат за невалидни пред да ја иницираат постапката по претходно одлучување?
4. Со кој случај започна примената на доктрината за јасен акт?
5. Што претставува „доктрината за јасен акт“?
6. Според поновата практика на Судот на правдата на Европската унија, каков одговор би дал Судот доколку пред него во постапка по претходно одлучување ќе се постави прашање кое претходно било решено од страна на Судот?
7. Според кој принцип се темели постапката за претходно одлучува меѓу Судот направдата на Европската унија и судовите на државите-членки?
8. Како се нарекува условот според кој националните судови или трибунали против чии одлуки нема можност за правен лек, сепак да можат да ја избегнат обврската за обраќање до Судот на правдата на Европската унија во постапка по претходно одлучување?
9. Дали Судот на правдата на Европската унија има надлежност во постапката по претходно одлучување да ја цени валидноста на националното право?
10. Кои акти на институциите на Европската унија не можат да бидат предмет на оценка на валидноста од страна на Европскиот суд на правдата?
11. Колкав е рокот кој по правило во државата на извршување треба да биде признаен и спроведен Европскиот налог за докази, согласно членот 12 од Директивата за Европскиот налог за докази?
12. Како се утврдува редот на сениоритет на судиите и Генералните адвокати според членот 7, став 1 од Деловникот за работа на Судот на правдата на Европската унија?
13. Кој е надлежен да именува судија известител за секој случај поднесен пред Судот на правдата на Европската унија, според членот 15, став 1 од Деловникот за работа на Судот на правдата на Европската унија?
14. Колку изнесува мандатот на Регистраторот, односно архиварот, на Судот на правдата на европската унија, според членот 18 од Деловникот за работа на Судот на правдата на Европската унија?
15. Кога започнува и кога завршува судската година според членот 24 од Деловникот за работа на Судот на правдата на Европската унија?
16. Кој е надлежен да одлучува дали некоја одлука на Генералниот суд ќе биде испитана, односно оценета, согласно членот 191 од Деловникот за работа на Судот на правдата на Европската унија?
17. Кој може да побара мислење од Судот на правдата на Европската унија во поглед на склучување на спогодби со трети земји или меѓународни организации, согласно членот 218 од Договорот за функционирање на Европската унија, односно членот 196 од Деловникот за работа на Судот на правдата на Европската унија?

18. Кој и во каква постапка може да го менува статутот на Судот на правдата на Европската унија?
19. Кој и за колкав мандат го назначува Првиот Генерален адвокат?
20. Кој ги назначува Генералните адвокати во случаите пред Судот на правдата на Европската унија?